РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-8820/14 од 04.12 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) Секретарот на Општина Кисела Вода донесе

# О Д Л У К А

за избор на 1 извршител – кандидат за административен службеник за работното место раководител на одделение за поддршка на Советот на општината во Секторот за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината преку Интерен оглас бр.05/2018

1. За работно место Раководител на одделение за подршка на Советот на општината во Секторот за подршка на Градоначалникот и Советот на Општината преку Интерен Оглас бр.05/2018 се избира канадидатот **Сидера Василевска**.

2. Именуваната ќе биде вработена на работоното место од точка 1 од оваа Одлука , по конечноста на Одлуката за што ќе се донесе посебно решение за распоредување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ***О Б Р З Л О Ж Е Н И Е***

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.08-9820/11 од 30.11.2018 во врска со Интерен Оглас бр.05/2018 за работното место раководител на одделение за поддршка на Советот на општината во Секторот за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината, изготви Записник од административната селекција бр. 08-9820/12 од 30.11.2018 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник бр. 08-9820/13 од 30.11.2018 година за спроведување на интервјуто. Согласно Записникот од административна селекција бр.08-9820/12 од 30.11.2018 година, на Огласот единствен пријавен е кандидатот Сидера Васиелвска која ги исполнува условите и продолжи на интервју. Согласно Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на администативен службеник бр. 08-9820/13 од 30.11.2018 година заради спроведување на интервју, Комисијата изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог Одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на приложената документација, Секретарот на Општина Кисела Вода изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавувањето на Одлуката на веб страната на Општина Кисела Вода.

Доставено до:

- Архива
- Именуваната
- Сектор за управување со човечки ресурси и И.Т.

Изработил:
Помошник раководител на Сектор
Цветанка Тодоровска

Секретар
на Општина Кисела Вода
**Александар Алексовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА